**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE SHKUP

| Примено / Pranuar: 24.10.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 4672 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

**1. Вид надзор:** редовен

**2. Субјекти на надзорот:**

2.1. Друштво за маркетиншки услуги МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје, издавач на „Скопско Ехо";

2.2. Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ЗЕНИТ ПРЕС ПЛУС увоз извоз ДОО Прилеп, издавач на „Зенит";

2.3. Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје", „Home Style" и „Руски доктор";

2.4. Друштво за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет";

2.5. Друштво за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „М Магазин/Авто Плус;

2.6. Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Економија и бизнис";

2.7. Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Auto Focus";

2.8. Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „Јени Балкан" и „Бахче".

Со надзорот се опфатени следните печатени медиуми:

- изданието од 17 октомври 2019 година на „Скопско Ехо" бр. 132;
- изданието од 11 октомври 2019 година на „Зенит" бр. 568;
- изданијата за месец октомври 2019 година на „Убавина и здравје" бр. 134, „Портрет" бр. 45, „М Магазин/Авто Плус" бр. 295, „Економија и бизнис" бр. 254, „Руски доктор" бр. 42 и „Home Style" бр. 7;
- изданието за месец септември 2019 година на „Auto Focus" бр. 142;
- изданијата за месеците јули-август 2019 година на „Јени Балкан бр. 698-699 и „Бахче" бр. 18.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 24 октомври 2019 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

- *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум;*
- *име на одговорното лице на издавачот на медиум;*
- *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото; и*
- *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

5. **Констатации од надзорот:** Обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми **е во целост исполнета кај сите печатени медиуми** опфатени со надзорот.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***